Macedonian | Македонски

# Информативен лист од BreastScreen Victoria

BreastScreen Victoria
Caring about Women

## Пред проверката на дојките



Разговарајте со вашето семејство за **семејната историја** во врска со рак на дојката и јајниците.

Пополнете го **формуларот за пријавување за проверка** преку електронски пат или на хартија.

Облечете **блуза со панталони или сукња.**

Ако имате симптоми на дојките, **прво** посетете го вашиот доктор.

## При проверката



Нашиот женски персонал ќе ви објасни што ќе се случи.

Ќе ве замолат да ја соблечете блузата насамо. Кажете ни ако сакате да ви дадеме **болничка престилка**.

Машината ќе притиска силно, меѓутоа тоа не треба да предизвика болка.

Во секое време можете да побарате да ја прекинат проверката.

## После проверката



Ќе ги добиете резултатите 2 до 4 недели после проверката.

Ќе ви се јавиме ако треба да се направат понатамошни проверки.

Повеќето жени кои се повикани да направат повеќе проверки **немаат** рак на дојката.

## Две години подоцна



На повеќето жени им се препорачува повторно да направат проверка на дојките после 2 години.

Посетете го вашиот доктор ако забележите било какви **симптоми** на дојките меѓу проверките.

## Пред проверката на дојките

### За BreastScreen Victoria

BreastScreen Victoria им нуди бесплатни проверки на дојките на жени на возраст над 40 години. BreastScreen Victoria има склучено договори со јавни и приватни здравствени организации кои нудат проверка на дојките во Викторија. BreastScreen Victoria е дел од BreastScreen Australia, националната програма за проверка за рак на дојката.

### Што е проверка на дојките?

Проверката се состои во правење на снимка на дојката (исто така, позната како мамограм). Со рендгенското снимање на дојките може да се открие рак кој е многу мал да се види или почуствува. Колку побрзо се открие ракот на дојката, толку поголеми се можностите за заздравување.

### Што треба да правам ако на дојките ми се појават некакви знаци или измени?

Ако забележете невообичаена измена во вашите дојки, на пример, грутка болка или исцедок од брадавицата, важно е колку што може побрзо да отидете кај вашиот доктор, **пред закажниот преглед на дојките** во BreastScreen Victoria.

### Дали проверката на дојките е безбедна?

При секоја проверка, вашите дојки се изложени на многу мала доза на зрачење. Истражувањата покажуваат дека проверките на дојките се многу покорисни за навремено откривање на рак во однос било какви ризици од зрачење.

### Добивање на вашите претходни рендгенски снимки на дојките

Вашите претходни рендгенски снимки на дојките или мамограми помагаат да се добијат подобри резултати при проверката. Кога ја закажавте проверката, ве прашавме дали последниот мамограм сте го направиле во некоја друга установа, која не е вклучена во програмата BreastScreen Victoria. Исто така, ве прашавме дали сакате да ги земеме овие снимки преку електронски пат со ваша дозвола. Ако не, ве замоливме да ги донесете снимките на закажаната проверка.

### Семејна историја

BreastScreen Victoria собира податоци за семејната историја на жените во врска со рак на дојката и јајниците за да може да им нуди подобра нега. BreastScreen ги користи овие податоци за да процени колкав е ризикот секоја жена да заболи од рак на дојката. Пред да го пополнете формуларот за пријавување за проверка на дојките, ве молиме разговарајте со вашето семејство за вашата семејна историја. За повеќе информации, отидете на breastscreen.org.au/familyhistory

### Што да правам ако имам силиконски импланти во дојките?

Повеќето жени кои имаат силиконски импланти во дојките може да прават проверка на дојките.  Ве молиме, прочитајте ја брошурата, Breast screening for women with implants (Проверка на дојките за жени со силиконски импланти во дојките). Посетете ги Интернет страниците breastscreen.org.au/Breast-Screening/The-Facts или можете да земете печатени примероци во клиниките за проверка на дојките.

### Што треба да облечам за проверката?

Носете сукња или панталони со блуза, за да можете лесно да ја слечете блузата при проверката на дојките.

Свртете ја страницата

## При проверката

### Што ќе се случи при закажаната проверка?

Ќе ве пречека член од персоналот на BreastScreen Victoria и ќе ви објасни што се случува во клиниката. Жена рендген-техничар ќе ве однесе во просторијата за снимање. Ве молиме, кажете ни ако сакате да носите болничка престилка. Кога ќе бидете подготвени, рендген-техничарката ќе направи најмалку две рендгенски снимки од секоја дојка.

### Можам ли да зборувам со рендген-техничарката?

Да, важно е да зборувате со рендген-техничарката, посебно ако нешто ве загрижува. Таа со задоволство ќе одговори на вашите прашања.

### Дали проверката е болна?

Вообичаено е при проверката на дојките да се чувствувате непријатно, но тоа чувство треба да трае само неколку секунди. Причината за болката е што вашите дојки треба силно да се притиснат меѓу две плочи на машината за да може да се направи јасна снимка. Ве молиме, ако чувствувате болка, кажете и на рендген-техничарката. Таа ќе ви помогне да се чувствувате колку што е можно поудобно во текот на снимањето. **Во секое време можете да ја замолиме рендген-техничарката да го прекине снимањето.**

### Дали треба да ги притиснеме вашите дојки?

Да, тоа потребно, но заради многу важни причини. Со притискањето, дојките се во мирна состојба, сплеснати и ткивото е раздвоено за да можеме да добиеме јасна слика на мамограмот.

## После проверката

### Кога ќе ги добијам моите резултати?

Вашиот мамограм ќе го прегледаат две или повеќе посебно обучени здравствени стручни лица , и тоа независно еден од друг. Резултатите ќе ви ги испратат во рок од 2 до 4 недели. Резултатите ќе му ги испратиме на вашиот доктор по пошта, ако ни ги дадете неговите податоци.

### Што ќе се случи ако ме повикаат да направам повеќе проверки?

Понекогаш, од некои жени се бара повторно да дојдат во клиниката на BreastScreen за да направат повеќе проверки. Тоа не значи дека постои рак на дојката, меѓутоа понекогаш е потребно да се направат повеќе проверки за да може да се потврди дека нема присуство на рак на дојката.

### Дали со проверката на дојките се откриваат сите видови на рак?

Проверките на дојките се најефикасни во навремено откривање на рак на дојката. Меѓутоа, тие не се 100% прецизни. Постои мала веројатност мамограмот да покажува нормална состојба дури и ако е присутен рак на дојката.

## Две години подоцна

### Што ќе се случи кога ќе треба да ја направам следната проверка на дојките?

Проверката на дојките секои две години е најдобриот начин на кој навремено може да се открие рак на дојката. BreastScreen Victoria ќе ви испрати писмо за да ве потсети дека треба да ја направите следната проверка на дојките. Жените на возраст во 40тите години или оние кои се постари до 74 години нема да добијат писмо кога ќе треба да ја направат следната проверка на дојките, но тие можат да закажат проверка со нас секои две години.

### Кои други работи треба да ги правам меѓу проверките на дојките?

Дури и ако правите проверка на дојките секои две години, важно е да свесно да ги надгледувате бидејќи ракот на дојката може да се појави во било кое време. Ви препорачуваме да се запознаете со нормалниот изглед и допир на вашите дојки и веднаш да отидете на доктор ако забележете било какви промени, на пример, грутки, болка или исцедок од брадавицата.

## Доверливост на вашите лични податоци

BreastScreen Victoria ги користи податоците што ќе ни ги доставите и резултатите од вашите проверки со цел да прави проверки на дојките за откривање на рак на дојката и да нуди контроли, вклучувајќи испраќање на писма за да ве потсети кога треба да ја направите следната проверка. Вашите податоци може да ги користат само овластени лица. Само со ваша дозвола, ќе користиме и даваме податоци од кои можете лично да бидете идентификувани, или ако тоа го налага законот. Вашите податоци ќе се даваат за истражувања само со етичка дозвола. Отидете на breastscreen.org.au/privacy

**Контактирајте не:** преку електронска пошта на **info@breastscreen.org.au** или преку телефон на **13 20 50**

## Закажете проверка на дојките на **breastscreen.org.au** или телефонирајте на **13 20 50**

За повеќе информации или ако сакате да ги смените податоците за вас, отидете на **breastscreen.org.au** или телефонирајте на **13 20 50**

За да добиете помош од преведувач, телефонирајте на **13 14 50**

Преведени информации: breastscreen.org.au/**translations**

Ако имате оштетен слух или говор
**TTY 13 36 77**

BreastScreen Victoria се заблагодарува за поддршката од Владата на Викторија.

 © 2016 BreastScreen Victoria All Rights Reserved 